АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 01-08-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org | Број / Numër | Прилог / Shtese | Вредност / Vlerë |
| 10 | 3037 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот:** 7 јули 2023 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 31 јули 2023 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (идентификација на радиодифузер).

6. **Претходно изречена мерка:**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, емитуван на 7 јули 2023 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмите емитувани на 7 јули 2023 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината. Тоа се податоци што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Спротивно на точките 6 (*импресум за програми од сопствено производство*) и 10 (*импресум за програми од туѓо производство*) од „Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците", без импресум се емитувани:

**7 јули 2023 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** |
| ***актуелно-информативни емисии*** | | |
| Прес-центар на МИА, интервју со проф. д-р Страшко Стојановски; | 03:23:50 | 03:56:05 |
| Слободен печат – утрински печат – снимка од прес-конференција на проф. д-р Горан Марковски за санацијата на мостот 'Беласица' во Скопје; | 13:58:07 | 14:09:19 |
| ***информативна емисија од областа на уметноста*** | | |
| Снимка од отворањето на изложбата на сликарот Павле Кузмановски во Музејот на Тетово; | 05:59:38 | 06:09:20 |
| ***документарни емисии*** | | |
| Слободен печат – интервју со музичарот Петар Младеновски – 'Суперхикс'; | 14:09:20 | 14:22:02 |
| Портрет на писателот Иван Цанкар; | 18:16:54 | 18:35:27 |
| Портрет на писателот Коле Неделковски; | 21:33:32 | 21:55:33 |
| ***репортажа*** | | |
| Прослава на празникот Духовден во црквата 'Света Троица' во месноста Самовилска вода – Блаце; | 16:21:28 | 16:55:12 |
| ***играна програма за деца*** | | |
| Куклена претстава – „Итар Пејо"; | 17:26:07 | 17:44:37 |
| ***снимката од спортскиот натпревар*** | | |
| Шара куп 2022 – Државно првенство во алпско скијање за ветерани и ветеранки; | 19:02:49 | 19:28:54 |
| ***снимки од концерти*** | | |
| Концерт во Мелбурн на Цаки Кисми и Јована Богданоска; | 12:15:03 | 13:01:10 |
| Концерт на Здружението на Србите и Македонците – 'Бранко Чајка' – Тетово. | 23:24:36 | 23:59:59 |

**Опис на прекршувањето**

Емисиите се емитувани без импресум, што е спротивно на точките 6 (*импресум за програми од сопствено производство*) и 10 (*импресум за програми од туѓо производство*) од „Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците";

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, во програмскиот сервис од 7

јули 2023 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***